# Барање за информации за порталот OhridNews

From: Na

To: zin

Date: Monday, July 3, 2023 at 09:11 AM GMT+2

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE

| Примено/E pranua | 03. 07. 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 03 | 793/1 | | |

Почитувани,

Во допис до медиумите жители реагираат дека под Самуилова тврдина се уништува шумата и сопственик на куќа прави пат до истата. Посочуваат дека „на сред сезона кога градот е полн со странски туристи багери копаат земја, сечат дрвја и камиони ја изнесуваат земјата. Дали се води грижа за животната средина и културното наследство на Охрид? Дали надлежните институции се запознаени со ова дејствие и самоволие кое го извршуваат луѓето кои живеат под тврдината кои отвориле и пат до својата куќа? Како е можно во срцето на старото градско јадро да се извршуваат вакви дејствија и дали УНЕСКО го дозволува ова?", се додава во дописот.

Би ве замолиле за ваш став, дали има дозвола сопственикот за изведување на вакви активности, ако не дали е реагирано или ќе се реагира од ваша страна?

Во прилог фото

Со почит.

OhridNews

image6.jpeg
176.7kB

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Во акта - Арх. знак:
Рок на чување:
20... г.
Потпис

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

*НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,*
*тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;*
*е-маил: зимохридЖзахоо.цом; жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090*

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË
MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 03-793/2
03.07.2023
Охрид/Ohër

**До**
**Порталот OhridNews**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информации
**ВЕСКА:** Барање за информации (наш бр.03-793/1 од 03.07.2023 година)

НУ Завод и Музеј – Охрид, постапувајќи по поднесено барање за информации од страна на OhridNews преку застапник од 03.07.2023 година испратено по електронски пат (наш бр. 03-793/1 од 03.07.2023 година), а во врска со реакција на граѓани за уништување на шума под Самуиловата тврдина и правење на патека до куќа од страна на нејзиниот сопственик, Ви ја доставува следната информација:

По претходно добиена писмена пријава за изведување на земјани работи (наш бр. 03-784/1 од 29.06.2023 година), од страна на стручен тим при НУ Завод и Музеј – Охрид со Решение бр. 02-784/2 од 29.06.2023 година, извршен е стручен надзор на ул. Кузман Капидан на КП 15804/1, КП 15804/2, КП 15805/13 КО Охрид 3, во непосредна близина на Самуиловата тврдина.

Согласно своите надлежности, стручните служби при НУ Завод и Музеј - Охрид изработија Извештај од извршениот стручен надзор на ул. Кузман Капидан на КП 15804/1, КП 15804/2, КП 15805/13 КО Охрид 3 (бр. 09-784/3 од 30.06.2023 година) и истиот го доставија до Управата за заштита на културно наследство – Скопје за нивно понатамошно постапување.

Со почит,

Изработил:

Тања Паскали Бунташеска

диа, конзерватор – советник

---------------------------------------

в.д. Директор,

М-р Ирена Шајн

---------------------------------------